СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-21/2020

Дата. 09-09-2021

Арх. знак
Рок на чување
20 год.
Потпис,

**До:**Информативен центар

**Предмет:** Известување

Почитувани,

Во врска со претставката доставена до Министерството за животна средина и просторно планирање заведена под архивски број УПП-21/2021 на ден 13.07.2021 година од страна на поднесителот на предметната претставка Грозде Павловски од с.Нерав, Општина Крива Паланка, Ве замолуваме да го објавите исходот од конечното постапување по претставката од страна на Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање на веб страната на МЖСПП со цел јавноста да има увид во истото.

Со почит

**Изработил:** Виш соработник за постапување по претставки и предлози
Анета Михајловска

**Контролирал:**Раководител на Сектор за правни и општи работи
Билјана Тешева Горгиевска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-21/2021

Дата. 09-09-2021

Арх. знак ______
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

**Предмет:** Известување врз основа на претставка со арх.бр.УПП-21/2021 до подносителот на предметната претставка Грозде Павловски, с. Нерав, Општина Крива Паланка заради неуспешна достава на пратка.

Претставка заведена под архивски број УПП-21/2021 проследена од Државниот инспекторат за животна средина до Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 13.07.2021 година во врска со пријава од страна на подносителот на предметната претставка Грозде Павловски од с.Нерав, Општина Крива Паланка за узурпација на напоилиште за добиток од страна на лицето Бобан Трајчевски, врз основа на извршеното проследување на истата со Барање на мислење до Секторот за води во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање, претходно наведениот Сектор на ден 03.09.2021 година се произнесе со следното мислење:

- Во согласност со член 6 од Законот за водите, водите како добра од општ интерс се сопственост на Република Северна Македонија и уживаат посебна заштита на начин и под услови определени со овој закон. Водите не се предмет на правото на сопственост на физички и правни лица, без оглед на правниот режим на земјиштето на коешто се наоѓаат. Акомулирањето, зафаќањето, црпењето, користењето, пренасочувањето, одведувањето и испуштањето, како и другите дејствија врз водите се вршат под услови, на начин и во постапка утврдени со овој закон.

- По извршениот увид во доставената претставка и дописите од Државниот инспекторат за животна средина, Секторот за води изврши увид во службената евиденција при што утврди дека на наведениот локалитет нема издадено дозвола за користење на вода, ниту е доставено барање за користење на вода од изворите од лицата Влајко Арсовски, Грозде Павловски и Бобан Трајчевски, на што се упатени од страна на Државниот инспекторот за животна средина.

- Ниту едно од горенаведеното лице не е сопственик на КП 3006 КО Нерав и не може во согласност со член 17 да се јави како корисник на вода од подземните водни тела за лични и сопствени потреби.

- Имајќи ги во предвид наводите на поднесителот на претставката дека изворите се користеле за напојување на добиток, Секторот за води укажува дека водата може непречено да продолжи да се користи согласно член 16 од Законот за водите, согласно кој водите се во општо користење доколку: се користат за лични потреби и потреби на домаќинството; не се потребни посебни објекти и постројки за искористување на водите; со користењето на водите не се нарушува правото за


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

еднакво искористување на водите од страна на други лица и ако користењето на водите не е ограничено со други прописи.

- Секое друго зафаќање на вода од изворите без претходно издадена дозвола за користење на вода претставува прекршок согласно член 145 точка 11 од Законот за води.

**По овластување на Министер**

**Државен советник за правни работи**
Тодор Ѓорговски

**Изработил:** Виш соработник за постапување по претставки и предлози
Анета Михајловска

**Контролирал:** Раководител на Сектор за правни и општи работи
Билјана Тешева Горгиевска


Министерство за животна срединаи просторно планирањеРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk